Одделот на граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, го донесе следното:

## П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

Правосилното укинување на потврдата (клаузулата) за правосилност и извршност на извршната исправа не претставува основ за противизвршување.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член член 78 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.35/05 од 18.05.2005 год. и неговите измени): „Кога извршувањето е веќе спроведено, должникот може да поднесе до судот, односно органот кој ја донел извршната исправа, предлог за противизвршување, барајќи доверителот да му го врати она што го добил со извршувањето, ако извршната исправа е правосилно укината, преиначена, поништена или ставена вон сила.“

Извршни исправи, согласно член 12 став 1 од истиот закон се: „Извршна судска одлука и судско порамнување, извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување на парична обврска, извршна нотарска исправа и друга исправа која како извршна исправа е предвидена со закон.“ Согласно член 12 став 3 од Законот за извршување: „Неоснованата потврда за извршноста со решение ќе ја укине истиот суд, односно органот по предлог или по службена должност.“

Во член 14 став 1 од Законот за извршување е наведено дека судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска. Правосилна е онаа пресуда која повеќе не може да се побива со жалба во смисла на член 322 став 1 од Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ“ бр.79/05 од 21.09.2005 год. и неговите измени).

Од цитираните законски одредби произлегува дека за да се поднесе предлог за противизвршување потребно е извршната исправа врз која е спроведено извршувањето да биде правосилно укината, преиначена, поништена или ставена вон сила. Со правосилното укинување на потврдата за правосилност и извршност на извршната исправа не значи дека извршната исправа е правосилно укината, преиначена, поништена или ставена вон сила. Напротив тоа значи дека постои неправосилна одлука која може да се побива со жалба, односно со приговор.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Оддел за граѓански дела**